ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02-654
24.03 2021 год.
СКОПЈЕ

**МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ ЗА ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

Надзорниот одбор, како орган кој согласно позитивната законска регулатива и општите акти на МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), врши надзор и го надгледува работењето на Управниот одбор на Друштвото, го поднесува овој Извештај со цел да го запознае Собранието на акционери со најбитните активности во вршењето на контролната функција врз управувањето и водењето на Друштвото во текот на изминатата 2020 година.

Активностите на Надзорниот одбор се состојат од независна и објективна проверка на работењето и управувањето со Друштвото, а со цел зголемување на вредноста на капиталот на Друштвото и подобрување на квалитетот на неговото работење, како и работењето на сите подружници. Со ова се овозможува Друштвото да ги постигне поставените цели и проектираната деловна политика, како и да оствари што поповолни финансиски резултати.

Една од најзначајните активности и цели на Надзорниот одбор претставува постојаната и целосна контрола над законитоста, правилноста и ажурноста на работењето и управувањето со Друштвото. Тука спаѓа и следењето на усогласеноста со позитивната законска регулатива, исправноста на финансиските извештаи, следењето на деловните резултати на Друштвото, како и заштитата на капиталот и имотот на Друштвото.

Работењето на Надзорниот одбор во 2020 година беше во согласност со законските надлежности, интерните акти на Друштвото како и во согласност со препораките и протоколите на Владата на РСМ за одржување на седници во услови на глобална пандемија на вирусот Ковид-19. Во таа смисла, Надзорниот одбор на МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД Скопје, во текот на 2020 година, својата функција ја вршеше во насока на остварување на интересите на Друштвото и перманентна заштита на правата и интересите и на акционерите и вработените во Друштвото.

Во текот на деловната 2020 година Надзорниот одбор работеше во следниот состав:

- М-р Верица Хаџи Василева-Марковска - претседател
- Проф. д-р Тито Беличанец - член
- Проф. д-р Ванчо Узунов - член
- Проф. д-р Васил Поповски - член
- Григор Копров, дипл. економист - член

Во текот на 2020 година, Надзорниот одбор, преку одржани вкупно 4 (четири) седници во континуитет го следеше работењето на Управниот одбор на Друштвото, како и работењето на самото Друштво и неговите подружници.

Овие седници почитуваќи ги протоколите и препораките на Владата на РСМ се одржуваа дописно по пат на електронска комуникација, односно без физичко присуство на членовите на Надзорниот одбор. На седниците беа разгледувани финансиските резултати на Друштвото, остварени во поодделни периоди од тековната година, беа поставувани и разгледувани прашања сврзани со предметот на работење, а беа и сугерирани решенија за тековните проблеми кои произлегуваат од секојдневното работење на Друштвото, како и за работењето на Друштвото во услови на глобална пандемија на вирусот Ковид-19, а за кои од страна на Управниот одбор беше побарана стручна помош и совет, како и мислење, одобрение или дозвола за нивно надминување или реализација.

На седниците кои се одржуваа дописно, односно по пат на електронска комуникација на дневен ред беше разгледување на неревидираните финансиски извештаи, свое учество земаа и Претседателот на Управен одбор и Менаџерот на Секторот за стопанско – сметководствени работи, со цел подетално да се образложат сите позиции од доставените извештаи, како би можел Надзорниот одбор соодветно да одлучува.
Претседателот на Управен одбор согласно своите дефинирани надлежности, даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците, како и за сите значајни прашања од делот на работењето на Друштвото.

При постојана проверка на работата на Управниот одбор, Надзорниот одбор даваше согласност за преземање на одредени работи, како и конкретни насоки за преземање на мерки и активности при реализирање на зацртаната деловна политика која во текот на 2020 година Друштвото ја реализираше во услови на прогласена глобална пандемија на вирусот Ковид-19.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва, ја имаше со Претседателот и членовите на Управниот одбор, со цел градење на заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој и надминување на негативните последици предизвикани од вирусот Ковид-19 во текот на 2020 година.

Треба да се нагласи дека и во услови на прогласена глобална пандемија која директно го погоди работењето на Друштвото, Друштвото сите сегменти од своето работење ги прилагоди на новонастанатите услови се со цел што е можно повеќе да се намалат негативните последици врз финансиски резултати како и врз целокупното работење на Друштвото.

Надзорниот одбор во делокругот на своите законски надлежности ги разгледуваше и ги усвои по периоди извештаите на Внатрешниот Ревизор на Друштвото. При тоа во согласност со Планот за работа за 2020 година одобрен од Надзорниот одбор, беа разгледани и одобрени шестмесечниот и годишниот извештај на Внатрешниот Ревизор.

Во истите беа опсервирани контролираните процеси, описот на извршените ревизии според утврдедните процедури, оценката на нивото на ефикасност како и корективните мерки кои биле препорачани и нивната имплементација.

Најзначајни активности кои Надзорниот одбор ги спроведе во текот на 2020 година се:

- Постојана и целосна контрола на работењето на Друштвото и неговото менаџирање, во поглед на усогласеноста со позитивната законска регулатива;
- Активности кон реализација на деловната политика за развој на Друштвото;
- Разгледување на финансиските извештаи на Друштвото за кварталните периоди, и тоа за период: 01.01-31.03.2020 година, 01.01-30.06.2020 година и 01.01.-30.09.2020 година, и тоа по сите структури: Биланс на успех, Биланс на состојба, Извештај за паричен тек и Извештај за промените во капиталот;
- Континуирано следење на показателите за деловните резултати и постигнувања на Друштвото, во насока на зголемување на приходите а намалување на трошоците во работењето на Друштвото во услови на глобална пандемија, како и давање на насоки и сугестии со цел да се намалат негативните последици пандемијата на вирусот Ковид-19
- Контрола врз работењето на Внатрешниот ревизор на Друштвото. Во текот на 2020 година, Надзорниот одбор го одобри Планот за внатрешна ревизија, ја следеше работата на Внатрешниот ревизор и ги разгледуваше извештаите од извршените ревизии.
- По детално разгледување на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2020 година и по разговорот со ревизорот Рафајловски Ревизија ДОО Скопје за текот на ревизијата и за одделните прашања во врска со финансиските извештаи, Надзорниот одбор ги одобри финансиските извештаи на МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД Скопје за годината што завршува на 31.12.2020година

Оценувајќи ја работата на Претседателот на Управниот одбор и на останатите членови на Управниот одбор во текот на 2020 година, Надзорниот одбор смета дека во досегашното свое работење, доверените работни задачи ги вршат во целост во согласност со законските прописи и Статутот на Друштвото, а во насока на остварување и заштита и на интересите на Друштвото и акционерите, и на вработените во Друштвото.

Надзорниот одбор констатира дека постои домаќинско и успешно работење во Друштвото и водење на мудра и рационална политика, посебно изразени во отежнати услови на работење поради глобалната пандемија од тие причини Надзорниот одбор му искажува целосна доверба на Управниот одбор и останатиот менаџерски тим, кои заслужуваат признание за нивниот ангажман во новонастантите услови за работење.

Работењето на Надзорниот одбор во текот на 2020 година беше во рамките на законски утврдените надлежности и интерните акти со кои е уредена деловната политика и основните цели на Друштвото како и во согласнот  со препораките и протоколите на Владата на РСМ. Работењето се одвиваше во правец на следењето на стратегиските движења на Друштвото за остварување профит во работењето, давањето насоки за превземање на мерки и активности заради успешно одржување на позицијата на Друштвото во деловниот промет, спречување и намалување на негативните последици од глобалната пандемија, како и следење на трендовите и новините во областа во која делува Деруштвото.

Сите членови на Надзорниот одбор дадоа активен и значителен придонес во функционирањето на Одборот. Надзорниот одбор во изминатата година одлучуваше во транспарентна и документирана постапка, врз основа на компетентна и објективна процена. Во согласност со принципите на добро корпоративно управување, Надзорниот одбор оствари добра соработка со Управниот одбор и со Внатрешниот ревизор, без притоа да учествува во секојдневното управување со Друштвото. Ваквиот начин на работа на Надзорниот одбор придонесе за стабилно, сигурно и ефикасно управување и соодветен надзор врз работењето на Друштвото.

Наведените активности на Надзорниот одбор придонесоа оваа година Друштвото да се справи со предизвикот од глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 што може да се оцени како успешно извршување на работата на Надзорниот одбор.

Исто така, Надзорниот одбор ги искажува своите очекувања дека и понатаму Управниот одбор ќе презема соодветни мерки и активности со кои ќе успее да го одржи трендот на успешно работење и остварување на добри деловни резултати и во новонастанатите услови за работа.

„Македонијатурист" АД Скопје
Претседател на Надзорен одбор
Верица Хаџи Василева-Марковска